Нова Македонија, 19.7.1995, 17416, 12



**Искра Димитрова: Бакарен коктел, 1994**

**НА ФЕСТИВАЛОТ НА ПЕРФОРМИНГ – УМЕТНОСТА ВО КАПОЛЧ, УНГАРИЈА**

# Учество на три македонски сликарки

Во Каполч, Унгарија, во тек е фестивалот на перформинг-уметноста **„Експедишн-егзибишн“** на кој учествуваат три наши сликарки: **Искра Димитрова, Жанета Вангели** и **Виолета Чаповска.**

Во „Њу Каполч“ галеријата, под заеднички наслов „Видео спејс“ учествуваат 300 уметници од 20 земји, меѓу кои и легендите на светскиот перформанс: **Лори Андерсон, Вито Аконци, Џозеф Бојс, Џон Кејџ, Ив Клајн, Јоко Оно, Нам Џун Пајк** и други. Во текот на сите викенд-денови на јули, снимките на повеќе проекти од нашите претставнички Димитрова, Вангели и Чаповска, беа и ќе бидат прикажувани пред унгарската и светската уметничка јавност, а на есен, на 25 септември (ќе трае до 6 октомври)

**● Снимки на повеќе проекти од авторките Искра Димитрова, Жанета Вангели и Виолета Чаповска ќе бидат прикажани и на „Будимпештанската есен“ во септември**

нивните дела ќе бидат прикажани и на манифестацијата „Будимпештанска есен“ во Будимпешта. Организаторите на двете споменати манифестации ќе отпечатат каталози за двете изложби во септември.

**С. Ѓ.**